K112

GEV-EMICODE EC1 very low emission

Специјален електропроводлив лепак

CERESIT
K112_TM_11_0816

КАРАКТЕРИСТИКИ

- Светла боја и проводлив
- Голема врзувачка моќ
- Подготвен за употреба
- За електропроводни подови од PVC и гума

ОБЛАСТ НА ПРИМЕНА

Специјален електростатски проводлив дисперзивен лепак со многу мала емисија.

Се употребува за:

- Проводливи PVC плочи и подни плочки
- Проводни гумени плочи (до 3,5 мм дебелина) и плочки (до 2,5 мм дебелина).

Се препорачува на пр. за операциони сали и компјутерски сали, лабаратории, во потенцијално експлозивни производни простори и простори за складирање.
Ceresit K 112 ги исполнува најголемите барања за квалитет на воздухот во затворени простории и еколошка компатибилност.

ПРИПРЕМА НА ПОДЛОГАТА

Подлогите мора да бидат во согласност со барањата ATV DIN 18 365 "Изработка на подови" BS CP 8203 и 8204 или слични национални стандарди. Подлогите мора да бидат посебно чисти, без нарушување на структурата, цврсти, суви и без состојки кои може да ја нарушат адхезијата.
За да се отстранат нерамнините на подлогата, прво обработете ја подлогата со соодветен Ceresit основен прајмер, а потоа нанесете соодветна Ceresit маса за израмнување.
На секои 30 м² прицврстете бакарна трака од приближно 1м должина. Користете електростатски проводлив лепак и секогаш оставајте испакнат крај (опашка).
Во случај на гумени подови прицврстете ја бакарната трака по должина на секој ред гумени плочи или траки, по целата должина. На крајот од секој ред, попречно поврзете ги бакарните траки. Оставете бакарните траки да штрчат на секој 30 м².
Само во случај кога е потребна бакарна мрежа, потребно е да ја нанесете претходно.

НАНЕСУВАЊЕ

Лепакот рамномерно нанесете го на подлогата со назабена глетарка S1.

Мокро врзување:

По краткото време на отворено сушење од сса. 10-20 минути, ставете го покривниот материјал во сеуште влажниот лепак, внимавајќи да ги избегнете воздушните џепови и внимателно тријте за да осигурате добро влажнење на подлогата на sидниот дел.

Покривниот материјал не смее да биде затегнат и мора да лежи рамно на подлогата, во спротивно притиснете го. Избегнувајте виткање на споевите.

Врзување осетливо на притисок (само за PVC облоги): На невпивливите подлоги, оставете лепакот да се исуши на воздух се додека не добие рамномерна жолтеникава боја до прозирна боја (приближно 30-60 минути). Потоа тестирајте со прст за да бидете сигурни дека е сува на допир.

Контактно врзување (на пр. за гумени подни облоги на невпивачки подлоги): Гумените подови можат да се фиксираат на невпивачките подлоги само со контактно врзување. Нанесете лепак на позадината на подната облога со мазна глетарка. Покрај тоа, на подлогата нанесете лепак со назабена глетарка (големина S1). Оставете ги двете лепливи површини да се исушат на допир (проверете со прстот како што е опишано кај врзување на подлоги осетливи на притисок). После тоа поставете ја подната облога, но избегнувајте влез на воздух. Секогаш притиснете ја јако поставената подна облога на местото каде што е нанесена и јако да се трие надоле. Причекајте најмалку 24 часа пред да почнете со заварување на споевите.

НАПОМЕНА

- Најдобриот можен квалитет на воздухот во внатрешноста откако ќе се заврши со работата на подните инсталации, бара да биде во склад со стандардни работни услови, како и потполно суви подлоги, основни премази и маси за израмнување.
- Подополагачките работи изведувајте ги само ако температурата на подот е над 15°C, температурата на воздухот над 18°C и релативна влажност на воздухот под 75%.
- Отстранете ја кожичката која може да се создаде на површината од исушениот лепак (на пр. поради неправилно складирање). Не ја мешајте внатре.
- Со влажна крпа отстранете ги свежите дамки од лепак.
- Исчистете го алатот со вода и сапун веднаш после употреба.
- Затворете ја отворената канта и искористете ја во најкраток можен рок.
- Отвореното време на сушење и времето на обработка може да варираат во зависност од температурата, релативната влажност и впивањето на подлогата. Тие ќе бидат пократки при повисоки температури и на пониска влажност, но и подолги при ниски температури, поголема влажност на воздухот и на впивачка подлога.
- Уземјувањето на подниот систем мора да го направи квалификуван електричар.

ВАЖНИ ИНФОРМАЦИИ

Ceresit K 112 не содржи разредувачи и е добра алтернатива за производите кои содржат разредувачи.

Не се потребни посебни сигурносни постапки за негова употреба.

Ризикот од средно или долгорочно ослободување значајни концентрации на испарувачки органски хемикалии (VOC) во надворешниот воздух е занемарлив.

Да се осигура добра вентилација за време и после нанесувањето и сушењето. Избегнувате да јадете, пиете или пушите за време на работењето со овој производ. Во случај допир на кожа или очи веднаш измијте со вода. Производот содржи: бензизотиазолинон. Да се чува вон дофат од деца.

За професионални корисници.

Состојки: Дисперзија кополимер акрилат, модифицирана природна смола, неоргански полначи, конзерванс (бензизотиазолинон)

GISCODE D 1	без разредувачи во согласност со ТРГС 610
EMICODE EC 1	многу ниска емисија во согласност со GEV

ТЕХНИЧКИ ИНФОРМАЦИИ

Прочитајте ги следните листови за информации:

1. Нормативни патокази и прописи на соодветната национална организација и професионални здруженија.
2. Упатства за инсталација на производот, даден од страна на произведувачот на подните облоги.
3. Информативните листови кој ги издава Technische Kommission Bauklebstoffe (www.klebstoffe.com, види под "Публикации").
4. Општо прифатените правила за технологијата за вградување на дрвени подови, како и важечките национални стандарди.

СОВЕТИ ЗА ОДЛАГАЊЕ ОТПАД

Не дозволувајте производот да биде фрлен во канализација или во било кои води. Не дозволувајте да пенетрира во земја/тло.

Рециклирајте ја само целосно празната амбалажа. Стврднатите остатоци од производот складирајте ги како индустриски отпад сличен на домашниот отпад или во контејнер за комерцијален/градежен отпад. Нестврднатите остатоци од производот складирајте ги како опасен отпад. Индексен број на отпадот (EWC): 08 04 09

РОК НА ТРАЕЊЕ

До 12 месеци на ладно и суво место.

CERESIT
K112_TM_11_0816

ТЕХНИЧКИ ПОДАТОЦИ

Испорачано како:	сива, паста
Пакување:	пластична канта, 12 кг
Време на отворено сушење мокро врзување: осетливо на притисок/ контактно врзување:	 околу 15 мин околу 45 мин
Обработливост мокро врзување: осетливо на притисок/ контактно врзување:	 околу 40 минути за PVC околу 120 минути за PVC
Проодно:	после 24 часа
Погодност за тркала:	према DIN EN 12529
Отпор на уземјување:	< 3x 105 Ohm според DIN EN 12529
Температурна отпорност по стврднувањето: за транспорт за складирање	 до макс +50°C, може да се користи на конструкции за подно греење +5°C до +50°C, заштита од мрзнење +10°C до +30°C
Рок на употреба	12 месеци, во суво и ладно

Горенаведените времиња беа измерени во стандардни климатски услови (23°C/50% релативна влажност на воздух). Имајте на ум дека во други климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави.

ПОТРОШУВАЧКА

Големина на глетарка S1 околу 330г/м²
Покриеност/канта 37м²

Покрај информациите дадени во овој технички лист, важно е да се придржувате до релевантните упатства и правила на различни организации и компании, како и применливите домашни стандарди. Овие карактеристики се засноваат на нашето професионално знаење и искуство. Соодветни својства и употреби што не се наведени во овој лист, бараат наша писмена потврда. Сите информации се дадени во однос на температурата на воздухот и материјалот од + 23°C и 50% релативна влажност, освен ако не е специфично одредено. Имајте во предвид дека во случај на различни климатски услови, стврднувањето може да се забрза или забави, и да самиот производ подлежи на локални услови како што се количина на вода и стврднување. Производ од друго место на производство може да се разликува.

Информациите дадени, особено препораките за ракување со нашите производи и нивната примена, се темелат на нашето стручно знаење и искуство. Бидејќи материјалите и условите може да се разликуваат во секоја наменета апликација и затоа немаме влијание врз нив, препорачуваме во секој случај да се направат соодветни тестови за да се провери соодветноста на нашите производи за наменетата примена и употреба. Ниту една правна одговорност не може да се прифати врз основа на содржината на овој технички лист или усните совети, освен ако не постојат докази за нашата намера или сериозна негрижа. Овој лист со податоци ги заменува сите претходни верзии релевантни за овој производ.

This document was created and digitally signed by tdx.henkel.com at 2025-11-27T19:32:11.503Z